НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА

ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ

НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ – БИТОЛА

ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ

БР.23

БИТОЛА

2020

ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ БР. 23 НА Н.У. ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ – БИТОЛА

Издавач:
НУ Завод и музеј Битола

За издавачот:
д-р Мери Стојанова

Претседател на редакциски одбор:
Енгин Насух

Технички секретар:
м-р Јове Парговски

Членови на редакциски одбор:
Надежда Георгиева
Оливера Макриевска
Владо Ѓоревски

Печати: Херакли Битола

Тираж: 300

СОДРЖИНА

Александар МИТКОСКИ
ТУМУЛИТЕ ВО МАРИОВО 1

Душко ТЕМЕЛКОСКИ, Владимир КРСТЕСКИ
ИСТРАЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛИТЕТОТ ДОЛИШТЕ КАЈ СЕЛО ПРИЛЕПЕЦ – 2017 ГОДИНА 15

Александар ЛИТОВСКИ
ГРЧКО-ИТАЛИЈАНСКАТА ВОЈНА И ПОЧЕТНОТО ОРГАНИЗИРАЊЕ НА АНТИФАШИСТИЧКАТА БОРБА ВО ЕГЕЈСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА НИЗ СПОМЕНИТЕ НА НАУМ ПЕЈОВ 25

Роберто ТРАЈКОВСКИ
„ЕТНИЧКИТЕ АСПЕКТИ ОД МЕМОРАНДУМОТ ВО ВРСКА СО ЗАПОСЕДНУВАЊЕТО НА ГРЧКИ ПРОВИНЦИИ ВО МАКЕДОНИЈА И ТРАКИЈА ОД БУГАРИЈА“, ОД 8 АВГУСТ 1941 ГОДИНА 39

Ѓорѓи ЛАЗАРЕВСКИ
ПРЕРОДБЕНСКИ ОДГЛАСИ ВО БИТОЛСКИОТ РЕГИОН 47

Васко ГИЧЕВСКИ
ПРОИЗВОДСТВОТО И КОНСУМАЦИЈАТА НА ХРАНА ВО БИТОЛСКИОТ САНЏАК, 1879-1912 ГОДИНА 59

Стефан КАРАЏОВСКИ
УНГАРЦИТЕ ПОМЕЃУ МИТОТ И ИСТОРИСКАТА ВИСТИНА 67

Мери СТОЈАНОВА
ИЗБОР НА МЕСИНГАНИ И БРОНЗЕНИ ПРЕДМЕТИ ОД ЕТНОЛОШКАТА ЗБИРКА НА НУ „ЗАВОД И МУЗЕЈ“ – БИТОЛА 73

Ефросинија ПАРЕВСКА
СИМБОЛИКА И ЗНАЧЕЊЕ НА ДВА ПРСТЕНИ ПЕЧАТНИЦИ ОД СРЕДИНАТА НА 19 ВЕК, ВО БИТОЛА 85

Лилјана НЕДЕЛКОСКА
РОДНОКРАЈНО МУЗИЧКО ТВОРЕШТВО И ГРАДСКИОТ МУЗИЧКИ ЖИВОТ НА ПРИЛЕП (Од Атанас Бадев до денес) 93

Весна БОШЕВА РУСОВСКИ
ПРОФЕСИОНАЛИЗАЦИЈА И СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА БИБЛИОТЕКАРОТ ВО МУЗЕИТЕ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА КОРИСНИКОТ 111

Соња СТРЕЗОСКА ВЕЛЈАНОВСКА
ОДГЛАСОТ ВО СТРАНСКИОТ ПЕЧАТ НА ПРОЕКТОТ "СКОПЈЕ 2014" 119

Биљана ТЕМЕЛКОСКА
СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ БИБЛИОТЕКИ 135

Оливера МАКРИЕВСКА
ТЕХНИЧКО-ТЕХНОЛОШКА ЕВОЛУЦИЈА НА ИКОНАТА КАКО РЕЛИГИОЗЕН И ИСТОРИСКИ ПРЕДМЕТ 145

Паре ЗАРЕВСКА
ПРИКАЗ НА МОНОГРАФСКА ПУБЛИКАЦИЈА „ВИЗАНТИСКА КЕРАМИКА" ОД КЕН ДАРК (DARK KEN, BYZANTINE POTTERY, CHARLESTON, 2001) 159

Мимоза ХРИСТОСКА
ИКОНИ ОД МАНАСТИРСКАТА ЦРКВА СВЕТИ ИЛИЈА СЕЛО МЕЛНИЦА, МАРИОВО 175

Весна Калпаковска
ПОЧЕСЕН НАТПИС НА ФЛАВИЈА ОД СТИБЕРА, ЌЕРКА НА ГРАДОТ 185

Зоран АЛТИПАРМАКОВ, Весна КОЧАНКОВСКА
ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ ОД КОНЗЕРВАТОРСКИТЕ ИСТРАЖУВАЊА НА АРХИТЕКТУРАТА И КОНСТРУКЦИЈАТА НА ЦРКВАТА „СВ.ЃОРГИ" ВО С.КУРБИНОВО 193

Ана МЛИНАР, Викторија МОМЕВА АЛТИПАРМАКОВСКА,
Душан СТРГАР, Естела РАДОЊИЌ ЖИВКОВ
ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ ОД ОДРЖАНИОТ VIII СИМПОЗИУМ* НА ЕТНОЛОЗИ-КОНЗЕРВАТОРИ од Македонија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Србија и Словенија, одржан во Битола, 2- 4 Октомври 2019 година „УПРАВУВАЊЕ СО КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО: ОД ВАЛОРИЗАЦИЈА ДО ИНТЕРПРЕТАЦИЈА" 213

Владо ЃОРЕСКИ
ГАЛЕРИЈАТА НА СОВЕРЕМЕНАТА ЛИКОВНА УМЕТНОСТ ИЛИ КРАТКА ИСТОРИЈА НА БИТОЛСКОТО СЛИКАРСТВО - ПРВ ДЕЛ НУ ЗАВОД И МУЗЕЈ – БИТОЛА 223

Почитувани читатели,
Почитувани колеги,

Пред нас е новото издание на „Зборник на трудови” кое како и години наназад така и овој пат ќе понуди автентични материјали и нови сознанија од областа на историјата, заштитата и презентацијата на движното и недвижното културно наследство, како и од музеологија, етнологија, фолклористика, археологија, историја на уметноста, епиграфика....

Како дел од издавачката дејност на Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Битола оваа едиција претставува стручно и научно списание кое е интересно четиво како за стручната така и за пошироката јавност. Во него се поместени трудови на наши колеги од редот на вработени во оваа институција, но и трудови на колеги кои работат во различни сфери во културните и научнитеинституции ширум републиката.

Традиционално „Зборникот на трудови” го носи зачуваното графичко решение на корицата како препознатлив печат на ова издание, додека во самата едиција ќе ги најдете поместени и инструкциите за авторите, со цел да информираме за тоа како треба технички да се подготвуваат статиите за да го заслужат своето место во некој иден ваков број.

Како и секое претходно, и ова издание го испраќа својот апел до сите колеги и научни работници и во иднина да се пријавуваат со свои стручни и научни трудови до редакцискиот одбор со цел истите да бидат презентирани во јавноста. Престедателот и техничкиот секретар на овој одбор во текот на целата година стојат на располагање за прифаќање на трудови, но и за секаква асистенција во врска со аплицирањето за учество во Зборникот.

Претседател на Редакцискиот одбор

Енгин Насух

в.д.Директор

д – р Мери Стојанова

Александар МИТКОСКИ[1]

ТУМУЛИТЕ ВО МАРИОВО

Апстракт: *На просторот на Мариово се наоѓа поголема концентрација на тумули кои се распоредени на падините и повисоките возвишенија околу селата: Вепрчани, Витолиште, Дуње, Крушевица, Орле, Рапеш и Чаниште. Иако се истражени само мал број од нив, сепак, може да се констатира дека тие за погребување се користеле во преодниот период од бронзеното во железното време, железното време, античкиот и средновековниот период. Речиси сите тумули имаат кружна основа и се оформувани со насипување на нафрлени аморфни камења и земја по погребувањето. Оградниот ѕид е граден од поситен и покрупен аморфен камен, пред сé, белутрак, грубо нареден во два до три реда.*

Клучни зборови: *Мариово, тумули, Вепрчани, Витолиште, Дуње, Крушевица, Орле, Рапеш и Чаниште*

Распоредот на тумуларните некрополи на територијата на Република Македонија покажува дека тие се главно застапени во конзервативните, претежно сточарски и рударски региони, каде родовските односи подолго се одржале, така што и тумулите имале подолга употреба. За разлика од нив, во регионите со поизразена динамика во општествениот, социјален и економски развиток, начинот на погребување под тумули бил порано заменет со погребување во рамни некрополи со гробови од типот на „цисти“.[2] Нивна голема концентрација е забележана на просторот на областа Мариово.[3] Распоредени се на падините и повисоките возвишенија околу следните села: **Крушевица** на локалитетите Буклото (1), Дупенец (1), Испраен Камен (1), Падината - Таламбасица (1), Падиште (3), Скапците (1), Страгата (1), Три Дабици (3), Црквиште (4) и Широк Пат (2); **Чаниште** на локалитетите Барата (3), Говедарник (1), Дашков Гроб (1), Ѓерамиди (1), Ѓуркова Ливада (1), Каменица (1), Лочката (3), Острилата покрај патот за село Маково (3), Острилата - Тапанот (1), Попов Нос (4), Смесите (2), Чакрева Корија - Чочка (2) и Чука (1); **Дуње** на локалитетот Радов Рид (6); **Вепрчани** на локалитетот Сламите (5); **Витолиште** на локалитетот Света Петка (2)[4], **Орле** на локалитетот Стари Лозја (6)[5] и **Рапеш** на локалитетот Сламите[6]. Некои од тумулите продолжиле да се употребуваат и во наредниот антички период па

[1] Археолог, кустос советник, Александар Миткоски, НУ Завод и музеј Прилеп, ул. Александар Македонски 142, Прилеп, amitkoski@yahoo.com

[2] Митревски 1997, 108.

[3] Mikulčić 1966, 13 – 15, Миткоски 2010, 50

[4] Миткоски 1999, 56 – 58, карта на стр. 30 и сл.стр. 41, Миткоски А., 2017, 105

[5] Mikulčić 1966, 14.

[6] Василева 1993, 69, 73.

дури и во средниот век. Такви се тумулите на локалитетите: Страгата[7], Сламите[8] и Попов Нос.[9] Археолошки ископувања изведени се само на неколку од горе набројаните тумули: Сламите[10], Барата[11], Попов Нос[12], Падината - Таламбасица[13], Страгата[14], Три Дабици[15] и Сламите (Возишта - Каменот) кај село Рапеш[16]. Во прилепскиот дел од котлината Пелагонија тумули се евидентирани на локалитетот Чукарчиња кај село Врбјани[17], Колкот[18] и Павла Чука кај село Подмол.[19]

Со воведувањето на тумулите не се менува основниот погребен ритуал на инхумирање во цисти - така што, нивната појава би требало да се сфати повеќе како нов начин на организација на гробовите, предизвикан од новите услови на живеење, односно не е резултат на покрупни етнички промени или туѓ обичај воведен со доселување на ново население од надвор[20]. Најстарите тумули, оние од раната фаза на железното време, јасно се издвојуваат во засебен тип, наречен "родовско - клановски" тип. Тие биле подигнати на доминантни места - наредени вдолж истакнатите сртови, како "стражари" и истовремено нудат многу значајни податоци за погребувањето во таа рана фаза на железното време во Македонија[21]. На просторот на Мариово такви се тумулите на локалитетите: Три Дабици, Црвиште и Попов Нос. Новите помлади тумули биле подигнати во непосредна близина на пониски падини, при што се ширеле постепено формирајќи големи тумуларни некрополи. Кон крајот на VI век пр. н. е. со распаѓањето на родовско - племенскиот систем и со веќе силно изразената социјална диференцијација, тумулите не се употребуваат повеќе, а нивното место го заземаат рамни некрополи со гробови од типот на „цисти"- кои пак потполна доминација остваруваат во следниот доцноархајски период[22].

Тумули во кои не се пронајдени гробови и во кои не се вршело никакво погребување се смета дека имале улога на кенотафи или пак биле почесни ритуални тумули подигнати во чест на умрените родовски првенци.[23]

---

[7] Миткоски 2010, 58 – 59, план 3.
[8] Mitkoski и др. 2016, 29, фиг.. 1 – 3.
[9] Миткоски А., 2019, 7, пл. 1, 2 ил. 1, 2.
[10] Mitkoski и др. 2016, 27.
[11] Миткоски 1999, 27, план 1 и 2 сл. на стр. 43, 47.
[12] Миткоски 2019, 7.
[13] Миткоски 2018, 35 .
[14] Миткоски 2002, 3 – 32, план 1.
[15] Миткоски А., 2010, 57 – 58.
[16] Василева 1993, 69.
[17] Наумов и др. , 2017, 20.
[18] Китаноски Б., 1989, 83, сл. 1 – 3, Jakimovski T. Temelkoski D., 2018, 220 - 222, фиг. 15, 16a и 16b.
[19] Jakimovski T. Temelkoski D., 2018, 211 – 220, фиг. 6 – 13.
[20] Митревски 1997, 105.
[21] Микулчиќ И., 1960/61, 54, Митревски, 1997, 74, 107
[22] Митревски Д., 2013, 224, карта 4.
[23] Benac A., 1986, 27, 41, 81, 83.

На просторот на Мариово вакви тумули се констатирани на локалитетите Три Дабици - Тумул III и Падината - Таламбасица кај село Крушевица.

<u>Локалитет Три Дабици кај село Крушевица - Тумул III</u>

Локалитетот Три Дабици се наоѓа на околу 1,8 км. североисточно од селото Крушевица и на него се наоѓаат три тумули со различна големина, од кои два од нив се скоро целосно уништени.



<u>План 1</u> - Локалитет Три Дабици кај село Крушевица, Мариово – Тумул III

Во 2002 година, извршени се археолошки ископувања на Тумулот III, кој е со кружна форма и пречник од 12,0 м. во основата и височина од околу 0,82 м. Тој имал калота од нафрлен аморфен камен, а од сите страни бил опкружен со ограден ѕид[24]. Оградниот ѕид од внатрешната страна е направен од убаво реден поситен аморфен камен, поставен најмногу во три реда, додека од надворешната страна е поткрепен со уште два до три реда од крупни, делумно обработени камени блокови и поголеми камени плочи. Во западниот дел од тумулот се наоѓа влез со ширина од околу 1,0 м (1,20 м.) и од него кон неговата внатрешност продолжува тесна патека (ширина од 0,25 м. до 0,60 м.), која ја опкружува централната камена конструкција **(пл. 1)**.

Во средината на тумулот се наоѓа поголема конструкција од камен, со кружна форма, благо куполасто подигната и косо поставена, со благ пад кон север. Градена е во техника на сувоѕид од поситен и појадар делумно обработуван камен, со тенденција за хоризонтално редење на истиот. Конструкцијата е со пречник од 5,70 м. и со формиран простор со приближно овална форма во средината, кој е со димензии од 2,80 м. во правец север - југ и 2,35 м. во правец исток - запад. Широчина на ѕидот на конструкцијата варира и се движи од 1,20 м. до околу 1,60 м., а неговата височина од 0,40 до 0,68 м. Таа е поставена на природна карпа која делумно е засечена и убаво зарамнета од горната страна.[25] Во овој простор не беа констатирани никакви траги од извршени погребувања или било какви други дејствија. Бидејќи ова е прво откритие на ваков објект на подрачјето на Република Македонија, тој нема соодветни аналогии на потесното подрачје. За негово попрецизно детерминирање недостасуваат хронолошки осетливи наоди[26].

Локалитет Падината – Таламбасица, село Крушевица

Локалитетот Падината - Таламбасица се наоѓа на околу 5,0 км. југоисточно од селото Крушевица и на него се наоѓа тумул на кој, во 2015 година, беа превземени заштитни археолошки ископувања.[27]

Тумулот има овална форма и димензии 12,60 м (13,40 м) х 15,0 м. (16,50 м) и височина од околу 0,70 м (0,86 м). Овде поспецифично е тоа што северната половина на тумулот била исполнета со поситен и појадар аморфен камен само во ширина од околу 2,80 м. (3,20 м.), поставен директно на здравицата (протохумусот), така што средишниот дел во форма на полукруг, бил празен и слободен за движење во ширина од околу 7,0 м, мерено во правец запад - исток. За разлика од него, во просторот на Сегментот III, под тенкиот слој од мека земја се наоѓа слој од густо наредени поголеми или помали аморфни камења, кој лежи на подебел слој од глина со окераста боја,

[24] Миткоски А., 2010, 57.
[25] Ibid., 58, план 2.
[26] Ibid., 58, Т. X.
[27] Миткоски А., 2018, 35.

тврда и многу тешка за работа. Се констатира и подигање на оградниот ѕид во три фази. Најстариот дел, всушност била северната половина, што укажува на фактот дека примарниот тумул всушност бил полутумул. Јужната половина на тумулот била градена во две фази и тоа најнапред во делот на сегмент III како втора фаза и на крај во делот на сегмент II како трета фаза. Значи тумулот бил граден во подолг временски период, заради што и добил овална форма.

Во северната половина на тумулот, покрај оградниот ѕид се наоѓа поголема конструкција од аморфен камен. Изградена е од крупни аморфни и делумно обработени камени блокови, наредени во два реда и ориентирана во правец североисток - југозапад. Нејзините димензии се: во правец североисток - југозапад 2,35 м (2,85 м), во правец северозапад - југоисток 2,20 м и висина од околу 0,57 м (0,60 м). Во крајниот источен дел на конструкцијата се наоѓал поголем блок од камен со приближно триаголна форма, кој истата ја надвишувал за околу 0,21 м и кој заради својата височина делумно излегуваше над површината, што би можело да значи обележување на постоењето на оваа конструкција. На околу 2,10 м југоисточно од конструкцијата од аморфен камен се наоѓа една поголема камена плоча со скоро квадратна форма, поставена на здравицата и ориентирана во правец северозапад - југоисток. Во крајниот северозападен дел, кој е свртен кон конструкцијата, плочата благо е заоблена и во ширина од околу 0,20 м е косо засечена и заострена. Оваа камена плоча како и конструкцијата од аморфен камен формирале една целина и според нивната поставеност во рамките на тумулот се добива впечаток како тие да се примарни, а дури потоа околу нив да бил подигнат оградниот ѕид. Во даденава ситуација може само да се констатира дека конструкцијата од аморфен камен била симболички гроб кој бил посветен на некој хероизиран предок, односно најистакнат поединец на заедницата кој загинал некаде далеку и во негова чест тој е подигнат, а потоа и тумулот. Во насипот на тумулот пронајдени се многу малку движни наоди и тоа, пред сé фрагменти од керамички садови, како и еден мелнички камен кој бил во секундарна употреба.

Локалитет Сламите кај село Вепрчани, Мариово - Тумул 1

Локалитетот Сламите се наоѓа на околу 1,0 км западно од селото Вепрчани и на околу 6,0 км североисточно од селото Дуње. На него се наоѓаат неколку тумули, групирани два по два на одредена дистанца, поставени во правец север - југ и со различна големина. Заштитни археолошки истражувања изведени се на Тумулот 1, во 2010 и 2012 година. Има правилна кружна форма и пречник од 11,40 м во основата, а височината која можеше да се измери е околу 0,90 м (1,20 м). Оградниот ѕид е изграден од поситен и покрупен аморфен камен и делумно обработени камени блокови, пред сé, од белутрак, наредени во еден или два реда. Северно од

оградниот ѕид се наоѓа помал ѕид кој полукружно се движи околу него. Изграден е од поситен аморфен камен белутрак, нареден во еден или два реда. Она што е интересно за овој тумул, е тоа што северно, јужно и источно од него се наоѓаат уште неколку конструкции од камени плочи и една помала градба.[28]

Со ископувањата се констатирани 9 гробни конструкции, од кои 8 во рамките на тумулот. Распоредени се во правец север - југ, при што повеќето се групирани во северната половина. При тоа можат да се издвојат пет типови на гробови: четири се од типот на циста (2, 3, 7 и 8), два гроба се изградени од поситен и појадар аморфен камен (4 и 5), еден гроб е вкопан во карпестата здравица (9), еден гроб е со кремација (1) и еден е со дислоцирана гробна содржина (6). Гробовите 4, 6, 7 и 8 се со ориентација запад - исток, а гробовите 2, 3, 5 и 9 северозапад - југоисток.

Од движни наоди во гробот 1 кој е со остатоци од кремиран покојник пронајдени се: еден кантаровиден сад, двоен сад украсен со хоризонтални и брановидни врежани линии, цилиндричен сад со траги од црвена мат боја, како и две лентести дршки, украсени со врежани брановидни линии[29]. Југоисточно од гробот 1 пронајдени се неколку бронзени предмети, кои најверојатно, потекнуваат од растурен гроб, а тоа се: игла со глава на клинец (*nagelkopfnadeln*), три фрагменти од дијадема изработена од тесна лента од бронзен лим и предмет (вкосница) од бронзена жица, со кружен пресек и рамна глава во форма на широк прстен[30]. Во гробот 3 пронајден е фрагмент од бронзен салталеон. Во гробот 4 покрај главата на покојникот, пронајден е помал керамички сад кој претставува локална варијанта на доцномикенска форма на алабастрон[31]. Гробот 6 претставува дислоцирана гробна содржина во која се пронајдени бронзен предмет изработен од жица со правоаголен пресек, бронзена белегзија со отворени краеви во форма на змиски глави прикажани во профил со перфорирани очи, како и рачно изработен пехар поставен на дното, со две дршки, лепезесто моделиран врв, косо канелиран мев и мазнета површина[32]. Во гробовите 2, 3, 5 и 6 пронајден е по еден, а во гробот 9 два керамички сада, работени на грнчарско коло. Меѓу нив најмногу се застапени стомните, дури со пет примероци[33]. Во гроб 7 се пронајдени покрај левата рака фрагментирана бронзена обетка со претстава на стилизирана змиска глава, а над шаката фрагментирана апликација изработена од тенка бронзена лента. Во неговата јужна половина, во делот на стомакот, беше пронајден сребрен прстен со потенка лентеста алка и глава од

[28] Mitkoski A. и др., 2016, 29, 31, фиг. 1, 2, 3, фиг. 13 – 15.
[29] Mitkoski A. и др., 2016, 35, фиг. 4, 1 – 5, T. IV. 1, 2.
[30] Ibid, 43, фиг. 4, 6 – 8.
[31] Ibid, 35, фиг.. 6b, 1, 1a.
[32] Ibid, 36, 41, фиг. 8, 2 – 4, T. IV, 4, 6.
[33] Ончевска – Тодоровска М., 2010, 116, Mitkoski A. и др., 2016, 35, фиг. 5, 1, фиг. 6, 1, фиг. 8, 1, фиг. 10

квадратна плочка, на која во врамено поле се наоѓаат врежани орнаменти, додека во северозападниот дел од гробот се пронајдени неколку фрагментирани перли од стаклена паста со темносива и црвена боја. Од други метални наоди пронајдени во гробовите ќе ја спомнеме и фрагментираната наушница - алка изработена од тенка сребрена жица со кружен пресек, на две места украсена со по две паралелни плитко врежани линии, пронајдена во североисточниот агол на гроб 5, како и оштетената бронзена монета пронајдена во северозападниот дел на гроб 9[34].

Во насипот на тумулот покрај гробовите или помеѓу нив, а на различна длабочина, беа откриени повеќе фрагменти од керамички садови од праисторија и од антика. Од облиците се застапени неколку типови и варијанти на чинии и садови со различни облици и намена. Беа пронајдени и три орудија од кремен со црна, кафеава и сивокафеава боја.

Локалитет Страгата кај село Крушевица, Мариово – тумул

Локалитетот Страгата се наоѓа на околу 1,8 км југоисточно од селото Крушевица и лево од патот Крушевица - Чаниште. Во 2001 година, беа извршени археолошки истражувања на тумулот, со кои се утврди дека тој бил користен низ подолг временски период од доцното бронзено време, преку доцноантичкиот период, па сé до средниот век. Притоа, врз основа на западниот надолжен пресек се заклучи дека примарниот тумул бил со пречник од околу 15,0 м и височина од околу 0,80 м[35]. Со ископувањата се откриени 77 гробни конструкции, од кои неколку радијално се распоредени околу еден централен гроб, поставен приближно во средината на тумулот. Тоа се гробовите 8, 10, 11, 35 и 56, додека централниот гроб е означен како гроб 70. Сите гробови се од типот на „циста“, градени од погрубо или подобро обработени камени плочи, комбинирани на неколку начини: со по една камена плоча од сите четири страни (8, 11 и 70), трите страни со по една, а четвртата надолжна страна, со две камени плочи (10) и надолжните со по две, а потесната со по една камена плоча (56). За поголема цврстина на гробната конструкција била употребена глина, обично поставена во аглите[36]. Погребувањето е поединечно, но има и случаи на погребување на два покојника во еден гроб кои, секако, меѓу себе имаат некаква временска дистанца, на што ни укажуваат пореметувањата и дислоцираните коски од едниот скелет. Групираните скелетни остатоци од постариот покојник редовно се откриваат на нозете на новоположениот покојник (8 и 10). Овде треба да се спомни и тоа дека некои од овие гробови се користеле за погребување и во средновековниот период.

[34] Ibid. 35, фиг. 6, 2, фиг. 7, 1, фиг. 9, 1 – 7, T. IV, 5, 7, 8.
[35] Миткоски А., 2010, 58, план 3.
[36] Миткоски А., 2010, 58.

Од движни наоди пронајдени се бројни фрагменти од керамички садови кои според начинот на изработката се доста слични, т.е. изработени од земја помешана со зрнца од песок, лушпи од лискун. Имаат груба и порозна фактура и се нееднакво печени заради што се доста кршливи. Бојата на печењето е кафеава во повеќе нијанси. Еден многу мал фрагмент од сад со биконусна форма, изработен е од прочистена добро печена глина со окераста до портокалова боја и мазнети површини, додека декорацијата е изведена во мат - сликање со подебели линии од темнокафеава до темноцрвена боја. Од формите застапени се неколку типови и варијанти на чинии и садови со различни облици и намена[37].

Во насипот на тумулот беа пронајдени и дислоцирани парчиња од куќен лепеж, фрагменти од керамички садови, глава и десна нога од антропоморфна фигурина, плочки со кружна форма во средината кружно продупчени, една од нив украсена со импресо - зарези, фрагментирана камена секира, ножина од кремен, една половина од кугла од сивозеленкаст камен, попречно продупчена, земјена кугла за праќа и фрагментирано орудие од коска.

Во насипот, на различна длабочина, беа пронајдени и бројни фрагменти на антична садова керамика, како и едно целосно сочувано грне, кое претставува значаен и редок наод кој се датира во VII век[38]. Неколку од гробовите од средновековниот период биле обележани со камени плочки со триаголна форма и со врежан крст, поставени во пределот на нозете, т.е. од источната страна на гробот. Наодите пронајдени во неколку од нив, укажуваат на тоа дека овие гробови во тумулот биле вкопани во периодот на IX до XI век[39].

Локалитет Попов Нос, село Чаниште – Тумул I

Локалитетот Попов Нос се наоѓа на околу 2,5 км северно од селото Чаниште и претставува возвишение на кое се наоѓаат неколку тумули, од кои некои диво се раскопани. Во 2016 година, на Тумул I беа преземени заштитни археолошки истражувања при што се констатира дека тој има приближно кружна форма, бил опкружен со двоен ограден ѕид. Неговите димензии се: во правец север - југ 12,30 м, а во правец исток - запад 11,40 м и височина од околу 0,55 м (0,80 м)[40].

Со истражувањата се констатирани 6 гробни конструкции, од кои неколку се радијално распоредени, најверојатно околу еден централен гроб, целосно уништен со диви раскопувања. Гроб 2 дополнително е вкопан во тумулот заради што делумно го оштетил и оградниот ѕид, а гробот 3 е

[37] Миткоски А., 2010, 59, Т. XI.
[38] Миткоски А., 2002, 18 – 19, сл. 10.
[39] Ibid., 14 i dr. Plate I do IX, фиг. 1 do 9
[40] Миткоски А., 2019, 8, Ил. 1, 2, план 1

целосно уништен со диви раскопувања. Овде треба да се спомнат гроб 5 и гроб 6 кои претставуваат издлабувања во самата карпа и се исто така целосно уништени со диви раскопувања. При тоа може да се забележи дека гробот 5 заради положбата во рамки на тумулот бил централен гроб. Целосно отворена и расчистена е и конструкцијата од камени плочи која се наоѓа на околу 0,50 м западно од овој гроб и е ориентирана во правец запад - исток. Во случајов се работи за поситен камен и камени плочки, наредени на едно ниво и поставени директно на карпа. Нејзините димензии се: должина од околу 1,70 м (1,80 м) и ширина од околу 0,95 м (1,02 м). Од јужната страна конструкцијата е врамена со поголем камен. Најверојатно во случајов станува збор за кенотаф[41].

Гробни наоди беа пронајдени само во гробот 2, како и во гробната полнетица на гробовите 1 и 4[42]. На различна длабочина во насипот на тумулот, покрај гробовите или помеѓу нив, беа откриени повеќе фрагменти од керамички садови. Тие секако биле кршени и расфрлани во времето на погребниот ритуал. Во раскопаните гробови, како и во насипот на тумулот, пронајдени се и фрагменти од керамички садови работени на грнчарско коло од доцноантичкиот период (па и раниот среден век), кои укажуваат на тоа дека овој простор за погребување се користел и во овој временски период.

Локалитет Барата кај село Чаниште - Тумул I

Локалитетот Барата се наоѓа на околу 1,2 км северозападно од селото Чаниште и на него се наоѓаат три тумули. Во 1994 година беа извршени археолошки ископувања на Тумулот I, при што се утврдија неговиот пречник од околу 15,0 м. и височина од околу 1,25 (1,33) м. Тумулот имал калота од нафрлен аморфен камен и од сите страни бил опкружен со ограден ѕид.[43]

Со ископувањето беа констатирани 10 гробови од кои 9 гробни конструкции се од типот на „циста“. Осум од нив се радијално распоредени околу еден поголем гроб, означен како гроб 9, поставен во јужната половина на тумулот. Гробните комори кај четири гробови се поплочени со камени плочи, додека во останатите, покојниците биле положени директно на земја. Гробовите биле покриени со еден ред на тенко делкани камени плочи, поставени попречно врз гробната комора. Гробот 10, кој не е ориентиран кон централниот гроб, е последен подигнат гроб од гробовите со инхумација. Гробот 8 се издвојува од останатите гробови како по конструкцијата, така и по начинот на погребувањето. Претставува убаво оформена мала циста во која биле положени остатоците од кремиран возрасен покојник.

[41] Ibid., 10, 11, ил. 3, план 2
[42] Ibid., 13, ил. 4, 4а, 4б
[43] Миткоски 1999, 27, план 1 и 2, сл. на стр. 43, 47

Овој гроб го најавува новиот начин на погребување со кремирање во периодот на раната антика, што укажува на тоа дека тумуларните обичаи биле доста долго одржувани, а најверојатно како одраз на конзерватизмот на заедниците кои го населувале просторот[44]. Централниот гроб кој е со ориентација исток - запад, со своите димензии и конструкција се издвојува од останатите гробови. Тој е со димензии од 3,40 x 2,70 м, има заоблени страни и бил граден од поголеми камења, погрубо обработени од надворешната страна на неговите ѕидови, а подобро обработени од внатрешната страна кон гробната комора.



План 2 - Локалитет Барата кај село Чаниште, Мариово - Тумул I

[44] Ibid. 40, 42, сл. на стр. 53, 55, 57, 59, 60 и 61

Самата комора е со правоаголна форма и димензии 1,90 x 0,60 x 0,40 м и е поплочена со поголеми камени плочи. Капакот врз комората бил направен од поголеми делумно обработени камени плочи, наредени во подебел слој. Врз вака оформениот гроб биле нафрлени неколку слоја поситен камен, кои најверојатно, ја покривале целата конструкција во форма на хумка. Накрај, преку оваа конструкција била насипана могила од земја со ширина од околу 4,40 м[45]. Во централниот гроб не беше пронајден никаков остеолошки, ниту пак било каков друг движен материјал. Гробот е доста оштетен со подоцнежно вкопување на друг гроб од типот на „циста“, означен како гроб 2, при што го наседнал неговиот северен ѕид. Околу овој гроб бил подигнат ограден ѕид од појадар и поситен аморфен камен со елипсовидна форма, кој налегнал директно на јужниот и источниот ѕид од централниот гроб 9. Во основа, овде се работи за тумул од типот на т.н. “двојни” тумули каде што најпрво била насипана могилка врз централниот гроб, а дури потоа, во текот на железното време со помладите погребувања околу него, се формирал големиот заеднички тумулус. Со поставувањето на гробот 2 во центарот над гробот 9 и подигањето на ѕид со елипсовидна форма околу него, најверојатно се сакало да се нагласи дека сега тој ја презел улогата на централен гроб **(пл. 2)**. Во дадениов случај овој двоен тумул бил со двојно централно погребување. Гробните дарови во гробовите ги сочинуваат цели и фрагментирани керамички садови, прстен од бронза и неколку фрагментирани железни ножеви. Низ насипаната земја беа откриени бројни фрагменти од керамички садови, најверојатно кршени и расфрлани во времето на погребниот ритуал.

РЕЗИМЕ

На просторот на Пелагонија тумули се регистрирани во помал број, додека нивна најголема концентрација е евидентирана во просторот на областа Мариово. Распоредени се на падините и повисоките возвишенија околу селата: Вепрчани, Витолиште, Крушевица, Дуње, Орле, Рапеш и Чаниште. Археолошки ископувања изведени се само на неколку од нив: Сламите кај селото Вепрчани, Барата и Попов Нос кај селото Чаниште, Падината - Таламбасица, Страгата и Три Дабици кај селото Крушевица, и Сламите (Возишта - Каменот) кај селото Рапеш, битолско. Со овие ископувања е констатирано дека некои од тумулите се користеле за погребување и во наредниот антички период, па дури и во средниот век.

Со воведувањето на тумулите не се менува основниот погребен ритуал на инхумирање во гробови од типот на „циста“, односно нивната појава би требало да се сфати повеќе како нов начин на организација на гробовите предизвикан од новите услови на живеење, а не како резултат на покрупни етнички промени или туѓ обичај наметнат со доселување на ново население од надвор.

[45] Миткоски 1999, 38, 40, план 2, Т. I и II, сл. на стр. 51

Најстарите тумули, оние од раната фаза на железното време, јасно се издвојуваат во засебен тип, наречен "родовско - клановски" тип. Тие биле подигнати на доминантни места, наредени вдолж истакнатите сртови, како "стражари" и истовремено нудат многу значајни податоци за погребувањето во таа рана фаза на железното време во Македонија.

Новите помлади тумули биле подигнати во непосредна близина на пониски падини, при што постепено се ширеле формирајќи големи тумуларни некрополи. Кон крајот на VI век ст.е. со распаѓањето на родовско – племенскиот систем и со веќе силно изразената социјална диференцијација, тумулите како начин на организирање на погребување се заменети со рамни некрополи со гробови од типот „циста", кои потполна доминација остваруваат во следниот доцноархајски период.

Тумули во кои не се пронајдени гробови и во кои не се вршело никакво погребување, се смета дека имале улога на кенотафи или пак биле почесни ритуални тумули подигнати во чест на умрените родовски првенци.

RESUME

In the area of Pelagonija tumuli are registered in smaller numbers, while their highest concentration is recorded in the area of Mariovo. They are located on the slopes and higher elevations around the villages: Veprcani, Vitolishte, Krusevica, Dunje, Orle, Rapesh and Chanishte. Archaeological excavations have been carried out on only a few of them: Straws near the village of Veprcani, Barata and Popov Nos near the village of Chanishte, Slope - Talambasica, Stragata and Tri Dabici near the village of Krusevica, and Straws (Vozishta - Kamenot) near the village of Rapesh, Bitola. These excavations have shown that some of the tumuli were used for burial in the following ancient period, and even in the Middle Ages.

The introduction of tumuli does not change the basic burial ritual of inhumation in graves of the "cyst" type, actually their appearance should be understood more as a new way of organizing of graves distribution caused by new living conditions, and not as a result of larger ethnic change or foreign custom imposed by the immigration of a new population from abroad.

The oldest tumuli, those from the early Iron Age, clearly stand out in a separate type, called "tribal-clan" type. They were erected in dominant places, lined up along prominent ridges, as "guards" and at the same time offer very important information about burial at that early stage of the Iron Age in Macedonia.

New smaller tumuli were erected in the immediate vicinity of lower slopes, gradually spreading to form large tumular necropolises. Towards the end of the VI century AD. Actually the time of the disintegration of the clan-tribal system and the already strongly expressed social differentiation, the tumuli as a way of organizing burial were replaced by flat necropolises with tombs of the "cyst" type, which completely dominated in the following Late Archaic period.

Tumuli in which no graves were found and in which no burial was performed, are considered to have played the role of cenotaphs or were honorary ritual tumuli erected in honor of the deceased ancestors.

ЛИТЕРАТУРА

1. Василева М., 1993., Некрополата од железното време кај с. Рапеш, Macedoniae acta archaeologica 13, Скопје, 69 – 80.
2. Benac A., 1986, Praistorijski tumuli na Kupreškom polju, Djela, knj. LXIV, Centar za balkanološka ispitivanja, knj. 5, Sarajevo, 9 – 100.
3. Jakimovski A, Temelkoski D., 2018, Complex of the Archaeological Sites of Staro Bonče, Folia Archaeologica Balkanika IV, Скопје, 205 – 255.
4. Китаноски Б., 1989, Локлот, Подмол – хеленистички тумул, Arheološki pregled 28 (1987), Ljuljana 1989, 83 – 84.
5. Микулчиќ И., 1960/61, Могили од Орлова Чука кај село Стар Караорман, Зборник на НМШ 2, Штип, 47 – 64.
6. Mikulčić I, 1966, Pelagonija u svetlosti arheoloških nalaza od egejske seobe do Augusta, DISS III, Skopje–Beograd.
7. Миткоски А., 1999, Железното време во Мариово, Тумулот I од Барата кај Чаниште, Македонско наследство 9, Скопје, 29 – 61.
8. Миткоски А., 2002, Три средновековни некрополи од прилепско, Македонско наследство списание за археологија, историја, историја на уметност и етнологија 19, Скопје, 3-52.
9. Миткоски А., 2010, Мариово во праисторијата, Macedoniae acta arhaeologica 19 (2004 - 2006), Скопје, 49 – 81.
10. Mitkoski A. Bulatović A., I. Mikić, 2016, Necropolis under s tumulus at Veprčani, Representative case of using sacred places during several periods in the past, Старинар LXVI, Београд, 27 – 57.
11. Миткоски А., 2017, Археолошки рекогносцирања на подрачјето на општина Витолиште, Мариово, Археолошки информатор 1, Скопје, 105 – 114.
12. Миткоски А., 2018, Археолошки истражувања на локалитет Таламбасица кај село Крушевица, Мариово, Археолошки информатор 2, Скопје, 35 – 42.
13. Миткоски А., 2019, Локалитет Попов Нос село Чаниште, Мариово – Тумул I, Археолошки информатор 3, Скопје, 7 – 15.
14. Митревски Д., 1997, Протоисториските заедници во Македонија преку погребувањето и погребните манифестации, Скопје.
15. Митревски Д., 2013, Праисторија на Република македонија, Македонија, милениумски културно – историски факти 1, Скопје, 83 – 266.

16. Наумов Г, Миткоски А. Мургоски А, Милевски Ѓ., 2017, Рекогносцирање на предисториски локалитети во северна Пелагонија, Патримониум 15, Скопје 11 - 36 .
17. Ончевска – Тодоровска М., 2010 Доцноантичка грнчарија Во Република Македонија (доцен 3 – ти/ 6 – ти век), Скопје.